# КИНИСАЛА МИЛКА ЗА ВОДА ДА ОДИ




*Кинисала Милка, мома, за вода да оди,*
*за вода да оди,*
*вода да налее, мамо, од долната чешма*
*од долната чешма,*
*вода да налее, мамо, со две бели котли,*
*со две бели котли,*
*Котлите му светат, мамо, како јасно сонце,*
*како јасно сонце,*

*Рамна снага крше, мамо, како мрена риба,*
*како мрена риба,*
*Руса коса метка, мамо, од рамо на рамо,*
*од рамо на рамо,*
*Оди посакај ја, мамо, дал' ќе ти ја дадат.*
*Ако ти ја дадат, мамо, седи да поседиш,*
*мене да пофалиш,*

*Ак' не ти ја дадат, мамо, брго да си дојдиш,*
*брго да си дојдиш,*
*брго да си дојдиш, мамо, абер да донесиш*
*абер да донесиш.*

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978